## ОБУКА ЗА НАПРЕДНИ ИТ ВЕШТИНИ

**Вкупно 50** евидентирани невработени лица ќе имаат можност да ги надградат нивните познавања од областа на информатичката технологија со цел да ја зголемат нивната конкурентност на пазарот на трудот.

Обуката ќе се реализира во избрани лиценцирани обучувачки центри.

По завршување на обуката, лицата добиваат уверение за завршена обука и полагаат завршни испити за здобивање со сертификат од посетуваните обуки.

Обуките ќе се спроведуваат за следниве програмски пакети:

- MCITP - Сервер Администратор,
- MCITP – Enterprise SQL Administrator 2008, Database Administrator 2008
- MSCQL

Обуките ќе се реализираат во Скопје и во други градови, во зависност од обезбедените услови за обука и пројавениот интерес на невработените кандидати. Времетраење на обуката е од 2 до 4 месеци.

Лицата кои биле корисници на оваа Програма во претходните години не можат повторно да бидат вклучени во обуката.

По завршувањето на обуките, лицата добиваат уверение за посетувана обука и полагаат завршен испит за стекнување со меѓународен сертификат.

Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Агенција за вработување на Република Македонија

UNDP

**Сите заинтересирани можат да се информираат подетално во центрите за вработување на АВРМ или на: www.avrm.gov.mk; e-mail: info@avrm.gov.mk; или www.samovrabotuvanje.mk**

# ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



## СТЕКНЕТЕ ГИ ВЕШТИНИТЕ КОИ ГИ БАРА ПАЗАРОТ

## КОЈА Е ЦЕЛТА НА ОВАА ПРОГРАМА?

Да им се помогне на невработените лица да се здобијат со знаења и вештини за побрзо да станат дел од пазарот на трудот.

# ОБУКА КАЈ ПОЗНАТ РАБОТОДАВАЧ

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

Невработени евидентирани лица од 25-49 години.

**Вкупно 850** невработени лица ќе имаат можност да одат на обука кај познат работодавач, за да се здобијат со подготовка за вработување.

Подготовката за вработување трае до три (3) месеци, со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од вклучените лица во обуката, да не го намали вкупниот број на вработените лица со полно работно време во период од 6 месеци и да доставува до Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) месечни евидентни листи за редовност.

Работодавачот не може да врши повеќе од една подготовка за вработување за исто лице, за исто занимање, за иста дејност.

На работодавачот, за време на обуката му се исплаќаат средства за менторство и материјални трошоци месечно, во износ од:

- 4.000,00 денари за ангажирање од 1 до 3 лица;
- 7.400,00 денари за ангажирање од 4 до 6 лица;
- 13.600,00 денари за ангажирање од 7 до 10 лица;
- 18.000,00 денари за ангажирање од 11 до 15 лица;
- 21.600,00 денари за ангажирање од 16-20 лица и
- 25.000,00 денари за ангажирање над 20 лица.

Висината на паричната помош на невработено лице, односно работникот вклучен во подготовката изнесува 5,700.00 МКД месечно.

# ОБУКА КАЈ ПОЗНАТ РАБОТОДАВАЧ СО СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Обуката има за цел да им овозможи стекнување и дополнување на знаењата на вкупно 170 невработени лица од следните категории: невработени лица од 50-59 години; млади лица до 29 години со максимум средно образование; помали етнички заедници со посебен осврт на Ромите; лица- корисници на социјална помош; долгорочно евидентирани невработени лица.

Подготовката за вработување трае до три (3) месеци, со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од вклучените лица во обуката.

Висината на паричните средства за невработеното лице, односно работникот вклучен во подготовката за време на обуката изнесува 5.700,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

По завршување на обуката, за вработените лица ќе се обезбеди субвенција преку финансиска поддршка за секое вработено лице во бруто плата во износ од 13.000,00 денари месечно, во период од 3 месеци, со обврска работодавачот овие лица да ги задржи на работа во наредните 12 месеци по истекот на периодот на субвенција и да не го намали бројот на вработените на неопределено време во рок од 1 година.

# ОБУКА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАНИТЕ ЗАНИМАЊА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

Сите невработени евидентирани лица.

**Вкупно 250** евидентирани невработени лица ќе имаат можност да се стекнат со обука за побарувани занимања на пазарот на трудот.

На лицата кои ќе бидат вклучени во обуката, за деновите на обука ќе им се обезбеди паричен надомест за покривање на трошоците за храна и превоз во висина од 6,200.00 МКД месечно по лице со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Обуката ќе се реализира во период од два (2) месеци во установи и/или институции.

По завршување на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа во реални услови кај работодавачи во траење од два (2) месеци, за што треба да добијат потврда за реализирана практична работа кај работодавач.

По завршената обука и положен испит, невработеното лице ќе се стекне со соодветен документ за реализираната обука.

Право на учество имаат евидентирани невработени лица кои не биле вклучени во Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот во претходните години.

## ИЗЈАВИ НА ПРЕТХОДНИ КОРИСНИЦИ:

„Од програмата, добив информација дека болничарките се дефицитарен кадар. Благодарение на оваа програма, добив можност да завршам бесплатна обука за болничарка и веднаш потоа успеав да се вработам во реномирана приватна клиника."

„Долго време бев невработен. Се вклучив во програмата и редовно одев на обука. Се стекнав со нови знаења и вештини, станав поконкурентен на пазарот на трудот и конечно успеав да се вработам. Учеството во оваа програма направи суштински промени во мојот живот."

# ПРАКТИКАНСТВО КАКО ПРВО РАБОТНО ИСКУСТВО ДО ВРАБОТУВАЊЕ

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

Евидентирани невработени лица до 29 години, со цел стекнување на одредени практични знаења и вештини.

Вкупно 250 млади невработени лица до 29 годишна возраст, при што приоритет ќе имаат лицата со завршен четврти степен средно образование и високо образование, ќе имаат можност да се вклучат во програми за практиканство за период од три (3) месеци.

На лицата кои ќе бидат вклучени во оваа програма, ќе се исплаќаат по 6.200,00 денари за лице месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Програмата не вклучува работодавачи од државни, јавни институции, единиците на локална самоуправа и Градот Скопје, невладини организации и здруженија на граѓани.

Право на учество имаат работодавачи кои имаат вработено најмалку едно лице.

По завршување на практичната работа, работодавачот има обврска да вработи најмалку 30% од вкупно ангажираниот број на лица за практична работа и да ги задржи на работа наредните 6 месеци.

# ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА БИЗНИС

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

Сите невработени евидентирани лица.

**Вкупно 2.000** евидентирани невработени лица ќе имаат можност да добијат бесплатна обука за различни вештини и техники за започнување и водење сопствен бизнис.

Обуката ќе се реализира од страна на вработени лица од Центарот за вработување при АВРМ.